**Влада на Република Северна Македонија**

Бр.4401-17/6

# З А П И С Н И К

од Шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4 февруари 2020 година

Скопје, февруари 2020 година

**З А П И С Н И К**
**од Шестата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 4 февруари 2020 година**

Седницата започна во 12:35 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Хусни Исмаили, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваа и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, Елизабета Наумовска, заменик на министерот за образование и наука и м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваа и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, и членовите на Владата на Република Северна Македонија м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, д-р Рашела Мизрахи, министер за труд и социјална политика и д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука.

*

*       *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 3-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 јануари 2020 година

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- Состојби и напредок во процесот на Европска интеграција

*

*       *

1. Информација за донесување на одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, со Предлог-одлука

2. Предлог - одлуки за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија

3. Информација за финансиската состојба на Трговското друштво „Нафтовод" ДООЕЛ Скопје, со Барање за финансиски средства за 2020 година, Финансиски план за 2020 година, Програма за работа за 2020 година и предлог – одлуки

4. Информација во однос на измени на трасата на Магистрален гасовод Делница 5 Скопје-Тетово-Гостивар и Делница 2 Неготино (Кавадарци)-Прилеп-Битола

5. Информација со тарифници на основачот на технолошките индустриски развојни зони на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на технолошките индустриски развојни зони, со предлог – одлуки

6. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Прилеп и за висината на закупнината, Предлог – анекс Договор бр.2 кон Договорот за долготраен закуп на градежно

земјиште склучен помеѓу Република Македонија – Влада на Република Македонија како основач на ТИРЗ Прилеп, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство, трговија и услуги Гентерм Македонија ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, заведен кај Закуподавачот под бр. 03-431/1 од 25.2.2015 година и Анекс Договорот бр.1, заведен кај Закуподавачот под бр. 09-431/3 од 25.12.2015 година, со Предлог – одлука за давање на согласност

7. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државното правобранителство на Република Северна Македонија (за подрачје Тетово ДП Бр.03-715/19)

8. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП Бр.03-659/19 Куманово)

9. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр.87/19 КО Маџари)

10. Предлог - одлуки за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (НУЦК „Антон Панов" - Струмица), ДП.бр.03-824/19

11. Предлог-одлука за продажба на движна ствар (патничко моторно возило)

12. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Здружението Извиднички одред Ластовица Кочани

13. Информација за напредокот на дигитализацијата на Системот за управување со кризи преку имплементацијата на NICS – Next-Generation Incident Command System - NATO SPS Project (следна генерација на Систем за управување со инциденти) во Република Северна Македонија, за периодот од 25 јуни 2019 година до 16 декември 2019 година

14. Информација за формирање на Инспекторатот за употреба на јазиците и потребите за негово функционирање, со Предлог-одлука за дополнување на Одлуката за основање на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија

15. Годишен извештај за работата на Фондот за иновации и технолошки развој за 2018 година, со Предлог-одлука

16. Статут на Фондот на Холокаустот на Евреите од Македонија, со Предлог – одлука

17. Барање за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати, со Предлог-одлука

18. Предлог-одлука за прогласување на традиционалното знаење и вештини на изработка и свирење на гајда за културно наследство од особено значење, поткатегорија исклучително значење

19. Предлог-програма за капитални субвенции за развој на плански региони во областа на земјоделството и руралниот развој за 2020 година

20. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година

21. Информација за покачување на платата на овластени службени лица во Шумската полиција

22. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за поставување на 10(20)кв вод за приклучување на МХЕЦ Тополка 316 и МХЕЦ Тополка 315 КО Дреново, Општина Чашка, со Предлог-одлука

23. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Чифлик за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура КО Чифлик, Општина Пехчево, со Предлог-одлука

24. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена В3-култура КО Чашка, Општина Чашка, со Предлог – одлука

25. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за реконструкција на постојана четворокрака крстосница во кружна крстосница помеѓу регионален пат Р1201 (Струга-Дебар) и регионален пат Р2243 (спој со регионален пат Р1201-с.Дрслајца) КО Струга, Општина Струга, со Предлог – одлука

26. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена Е2-комунална супраструктура-производство на енергија со сончеви панели КО Велмеј, Општина Дебрца, со Предлог-одлука

27. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена Е2-комунална супраструктура-производство на енергија со сончеви панели КО Велмеј, Општина Дебрца, со Предлог-одлука
28. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија (мало стопанство) КО Пепелиште, Општина Неготино, со Предлог – одлука

29. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура-биогасна централа за производство на електрична енергија до 1 MW КО Добромири, Општина Новаци, со Предлог – одлука (40-454)

30. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на

објект со намена Е2 – комунална супраструктура – биогасна централа за производство на електрична енергија до 1 MW КО Добромири, Општина Новаци, со Предлог – одлука (40-455/1)

31. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Б1 - мали комерцијални и деловни објекти КО Мала Речица, Општина Тетово, со Предлог – одлука

32. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба и инсталација на електронски систем за наплатни станици коридор 10 - НС Отовица КО Отовица - вон г.р., Општина Велес, со Предлог – одлука

33. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Б5-хотелски комплекс КО Сенокос, Општина Врапчиште, со Предлог-одлука

34. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец ДЕСТ - Дејанчо Атанасов с. Мустафино Свети Николе, со Предлог – одлука

35. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец Агро Ина – Аце Димитриевски с. Мустафино Свети Николе, со Предлог – одлука

36. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Алмир Трубљанин од с. Долно Коњари Скопје, со Предлог – одлука

37. Информација за формирање на комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини на локалитетите „Ѓорова Лака“ Општина Неготино, „Кутлишта“ Општина Кичево и „Брусија“ Општина Делчево, согласно Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.181/19), со Предлог – решение

38. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина металични минерални суровини на локалитетот „Црвено Брдо“ Општина Кочани, Општина Македонска Каменица и Општина Крива Паланка, со предлог – одлуки

39. Информација за промена на динамика на плаќање при реализација на проектот: Изградба на примарна фекална канализација за населено место Арачиново, Општина Арачиново

40. Информација за отпочнување со реализација на проектот „Изградба на канализационен систем за фекална отпадна вода во село Банско, Општина Струмица“

41. Информација за промена на динамика на плаќање при реализација на проектот „Доизградба на канализациона мрежа во населено место Волково, Стопански Двор и Кисела Јабука, Општина Ѓорче Петров“

42. Информација за промена на динамика на плаќање при реализација на проектот: Изградба на дел од фекална канализација за Индустриска зона Визбегово, Општина Бутел

43. Информација за отпочнување со реализација на проектот: Доградба на фекален канализационен систем за Ново Село, Општина Ново Село

44. Информација во врска со постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река, со Предлог-одлука за изменување на Одлуката за започнување на постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река, Предлог - текст на претквалификациска документација и Јавен повик

45. Годишен извештај за спроведување на Просторниот план на Република Македонија во 2018 година

46. Извештај за работењето и користењето на средствата од Програмите за изработка на просторни и урбанистички планови во 2019 година за периодот јануари - јуни, на Агенцијата за планирање на просторот

47. Предлог – одлука за давање согласност за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина – доломит на локалитетот „Чајле“, Општина Гостивар од Силика-рудник Чајле Акционерско друштво за производство на неметални минерали с. Чајле - Гостивар на Друштвото за трговија, транспорт и услуги Ел транс експорт-импорт ДООЕЛ Гостивар

48. Предлог – одлука за давање согласност за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина - мермер на локалитетот „Шарен Камен“ с. Преглово, Општина Пласница од Трговско друштвото за производство, услуги и трговија Бор – Мермери - 95 увоз-извоз ДОО с. Преглово Пласница на Друштвото за производство, трговија и услуги „Марбле Артик“ ДОО с. Преглово, Општина Пласница

49. Предлог-одлука за давање согласност на Решението за давање согласност за распределба на земјоделското земјиште во државна сопственост внесено во консолидационата маса согласно со Предлогот за распределба на земјиштето во консолидационата маса во Катастарската Општина Егри, Општина Битола

50. Предлог-одлука за распределба на средства обезбедени во потпрограма 30-Урбанизам и градежништво, ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2020 година

51. Предлог-одлука за распределба на средства обезбедени во потпрограма 20 - Сообраќај и комуникации, ставка 488 - Капитални дотации во ЕЛС во буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2020 година

52. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Штип

53. Предлог - лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за промет и услуги „БЕТ ТУ МАР“ ДООЕЛ Скопје во уплатно-исплатното место кое се наоѓа на ул. „Јане Сандански“ бр.64/2-1, Тетово

54. Предлог - лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за трговија, обложување и приредување на игри на среќа „Гаминг Професионал“ ДООЕЛ Тетово за деловната просторија на ул. „Борис Кидрич“ бр.4 во Тетово

55. Предлог-закон за меѓународна соработка во кривичната материја

56. Предлог-закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Црна Гора за заедничко признавање на доверливи услуги кои се користат во Република Северна Македонија и Црна Гора

57. Предлог-закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Сојузна Република Германија за соработка во борбата против криминалот

58. Извештај за завршени преговори за склучување Спогодба за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, со текст на Спогодба

59. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2019/1788 на Советот од 24 октомври 2019 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2015/1763 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Бурунди

60. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2019/1663 на Советот од 1 октомври 2019 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија

61. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2019/1790 на Советот од 24 октомври 2019 година за изменување на Одлуката 2010/638/ЗНБП за рестриктивни мерки против Република Гвинеја

62. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (за објектот на ОЈО Струмица)

63. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (за зградата на Основен суд Гостивар)

64. Информација со Национална стратегија за хемофилија и други вродени нарушувања на системот за коагулација 2020-2030 и Акциски план, за период 2020-2022 година

65. Информација за приклучување (зачленување) на Република Северна Македонија во Конзорциумот на европски архиви на истражувачки податоци од општествените науки (CESSDA ERIC) и приклучување кон Европското општествено истражување (European social survey - ESS ERIC)

66. Предлог-решение за назначување на претседател, заменик-претседател и членови на Оперативното постојано тело за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот

67. Предлог-решение за именување на членови на Советот за безбедност и здравје при работа

68. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје (патничко моторно возило)

69. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната установа Завод за рехабилитација на деца и младинци – Скопје (патничко моторно возило)

70. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната установа Специјален завод – Демир Капија (патничко моторно возило)

71. Предлог - одлуки за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на општините Струмица, Куманово, Аеродром, Битола, Илинден, Боговиње, Берово, Гази Баба, Гостивар, Могила, Охрид, Прилеп и Универзитет „Св.Климент Охридски" - Битола (прочистувачи за воздух, за потребите на детски градинки, основни и средни училишта и факултети) - 38 одлуки

72. Предлог-закон за дополнување на Законот за заштита на културното наследство, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

73. Предлог-закон за дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, поднесен од група пратеници

74. Предлог-закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, поднесен од пратеникот Александар Кирацовски

75. Статут на приватната високообразовна установа МИТ Универзитет – Скопје

76. Статут на „Интернационалниот универзитет Еуропа Прима - Скопје" и Одлуката за усвојување на Проектот за промена на името и статутот на Универзитетот за аудиовизуелни уметности Европска Филмска Театарска и Танцова Академија, ЕФТА Скопје

77. Иницијатива за изменување и дополнување на член 34 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.25/00, 34/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07, 36/07, 82/08, 98/08, 6/09, 67/09, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15,

129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16 и 171/17), доставена од Народниот правобранител на Република Северна Македонија

78. Иницијатива поднесена од д-р Башким Идризи од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.148/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 31 став 3 од Законот за просветната инспекција („Службен весник на Република Македонија" бр.52/05, 81/08, 148/09, 57/10, 51/11, 24/13, 137/13, 164/13, 41/14, 33/15, 145/2015 и 30/16)

79. Иницијатива поднесена од адвокат Игор Спировски, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.165/2019, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 13 во делот: „на маж и жена" и член 100-а став 5 алинеја 7 од Законот за семејството („Службен весник на Република Македонија" бр.80/92, 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15 и 150/15)

80. Понуда од нотар Владимир Голубовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 22047 за КО Сингелиќ 2 и Имотен лист бр. 28515 за КО Сингелиќ 2 на КП бр. 1963

81. Понуда за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.10009 за КО Маџари на КП бр.87 дел 1 викано место/улица Б. Стефковски, доставена од нотар Андријана Ѓорѓеска од Скопје

82. Кадровски прашања

83. Прашања и предлози

84. Конечен извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година на Државниот завод за статистика (Сметка на основен буџет (637), Сметка на основен буџет (631) и Сметка на буџет за самофинансирачки активности (787)

85. Известување за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за декември 2019 година

86. Годишна програма за работа и Финансискиот план на Агенцијата за остварување на правата на заедниците за 2020 година

87. Програма за работа на Државниот испитен центар за 2020 година и Финансискиот план за реализација на активностите во Програмата за работа на Државниот испитен центар за 2020 година

88. Информација со Годишен финансиски план за 2020 година на Јавната установа Центар за образование на возрасните – Скопје

89. Информација за квалитет на воздухот во Република Северна Македонија, за ноември 2019 година

90. Информација за квалитет на воздухот во Република Северна Македонија, за декември 2019 година

91. Информација за намалување од обврските за населување и прихрана на дивата свиња како превентивна мерка од појава и ширење на болеста Африканска чума кај свињите за ловната 2019 година врз основа на доставените барања до Владата на Република Северна Македонија од страна на концесионерите на дивечот во ловиштата

92. Информација за програмата и приоритетите на Хрватското претседателство со Советот на Европската Унија

93. Информација за примена на материјалните закони и Законот за прекршоците

94. Информација за реализација на Програмата за поддршка за печатење и дистрибуција на печатени медиуми за 2019 година

95. Информација за потпишување на Грански колективен договор на органи на државна управа, стручни служби на Владата на Република Северна Македонија, судови, јавни обвинителства, казнено - поправни и воспитно - поправни установи, државно правобранителство, единици на локалната самоуправа, агенции, фондови и центри за социјални работи и други органи основани од Собранието на Република Северна Македонија, со Грански колективен договор

96. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на коефициентите и вредноста на коефициентот за пресметување на платите на директорите во националните установи од областа на културата

97. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за аудиовизуелните добра, по скратена постапка

98. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за издавачката дејност, по скратена постапка

99. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за библиотеките, по скратена постапка

100. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за музеите, по скратена постапка

101. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство, по скратена постапка

102. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за меморијалните споменици и спомен обележјата, по скратена постапка

103. Информација за потребата од постапување по Барањето на Владата на Република Северна Македонија и по барањата на организациите за колективно управување на правата на произведувачите на фонограми и уметниците музички изведувачи

104. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Универзитетот „Мајка Тереза“ Скопје

105. Информација во врска со отворените прашања од делокругот на Поткомитетот за внатрешен пазар конкуренција и Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување

106. Информација за консултација на Владата на Република Северна Македонија околу предложените проекти на Министерството за образование и наука и Министерството за внатрешни работи за финансирање преку кинеска помош и потпишување на Договор по пат на размена на писма помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Народна Република Кина за „II-та фаза на проектот е-образование“, со прилози

107. Информација за овластување за потпишување на Меморандум за разбирање помеѓу Министерство за информатичко општество и администрација, Министерство за финансии и Мастеркард Јуроп СА (Mastercard Europe SA) за воспоставување услуга за дигитална идентификација во Република Северна Македонија („Услуга за ДИ во Северна Македонија“), со Предлог - текст на Меморандум за разбирање

108. Информација за усвојување на Финансискиот план на АД „Аеродроми на Република Северна Македонија“, во државна сопственост-Скопје за 2020 година

109. Информација за одбележување на Меѓународен ден на Ромите 8-ми Април

110. Информација за потпишување на Финансиската спогодба за Годишната акциска програма за Република Северна Македонија за ИПА 2019 година, со текст на Финансиската спогодба

111. Информација во врска со реализацијата на средствата предвидени во буџетот на Министерството за култура за 2020 година, за капитални дотации до единици на локална самоуправа, со Предлог-програма

112. Предлог-програма за изменување на Програмата за проширена репродукција на шумите за 2020 година

113. Информација за вклучување на Град Скопје во Проектот за поврзување на локални патишта финансиран со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за Проектот за поврзување на локални патишта, со Предлог – одлука

114. Предлог-програма за изменување на Програмата за развој и унапредување на ловството и за одгледување и заштита на дивечот под заштита во репроцентрите за 2020 година

*

*     *

Владата без забелешки го усвои Записникот од 3-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 јануари 2020 година.

*

*         *

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- **Состојби и напредок во процесот на Европска интеграција**

Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи ги информираше членовите на Владата во врска со започнување на процесот на ажурирање на НПАА и соодветно на ова секоја институција носител на поглавје е должна да го собере, провери и интегрира инпутот од останатите институции кои имаат надлежности во соодветното поглавје, пред истиот да го достави до Секретаријатот за европски прашања.

Институциите носители на поглавја материјалите да ги доставaт со Секретаријатот за европски прашања најдоцна до 21 февруари 2020 година.

*

*         *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>Точка 1</u>

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, во предложениот текст.

<u>Точка 2</u>

Владата ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за утврдување на работите на премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (КО Центар 1 Скопје - Спортски игралишта на Работнички – Скопје),

2. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (КО Ѓорче Петров – Фудбалски стадион Македонија – Ѓорче Петров),

3. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (КО Ѓорче Петров 6 – Спортска сала ДГС Партизан),

4. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (КО Чаир – Базен во Чаир),

5. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (КО Карпош – Ракометно игралиште Арена – во Градски парк),

6. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (КО Сарај – Спортско рекреативен центар - Сарај),

7. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (КО Маџари – Спортски Центар Хиподром),

8. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (КО Центар – Терените на тенискиот клуб),

9. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (КО Карпош – Ракометно игралиште Алумина),

10. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (КО Карпош – Фудбалски клуб 23 - Карпош),

11. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (КО Карпош – Отворен базен Кале – Скопје),

12. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (КО Старо Скопје – Стрелиште – Камник - Скопје),

13. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (КО Карпош – Игралиште на мали спортови - Карпош) и

14. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (КО Карпош – Фудбалско игралиште ФК 23 локомотива – Скопје), во предложените текстови.

## Точка 3

Владата ја разгледа Информацијата за финансиската состојба на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, со Барање за финансиски средства за 2020 година, Финансиски план за 2020 година, Програма за работа за 2020 година и предлог – одлуки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување на средства за зголемување на основната главнина на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

2. Го донесе новиот текст на Одлуката за зголемување на основната главнина на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

3. Го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Изјавата за основање на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

4. Даде изјава за преземање на нов влог.

5. Ја разгледа Програмата за работа за 2020 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје во однос на утврдените износи на расходи за дневници за службени патувања, ноќевања и патни трошоци, трошоци за реклама и пропаганда, набавка на основни средства и други расходи рационално да ги користи средствата со оглед на фактот дека Друштвото не остварува приходи од сопствено работење.

Точка 4

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во однос на измени на трасата на Магистрален гасовод Делница 5 Скопје-Тетово-Гостивар и Делница 2 Неготино (Кавадарци)-Прилеп-Битола и ја усвои со следниот заклучок:

Се препорачува на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси-Скопје во државна сопственост, во рок од пет дена од добивање на предмер-пресметките за сите измени во основните и инфраструктурните проекти за Делница 5 Скопје-Тетово-Гостивар и Делница 2 Неготино (Кавадарци)-Прилеп-Битола, да подготви и до Владата да достави Информација во која ќе го наведе дополнителниот износ на средства, потребен за финансирање на активностите кои произлегуваат од измените во проектите, како и да се наведе од кој извор на средства планира да го обезбеди истиот.

Точка 5

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата со тарифници на основачот на технолошките индустриски развојни зони на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на технолошките индустриски развојни зони, со предлог – одлуки, за наредната седница на Владата, откако претходно истата ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата:

1. Дирекцијата да ги усогласи тарифниците со Секретаријатот за законодавство, а усогласените тарифници да бидат донесени од Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

2. Дирекцијата да подготви нови предлог – одлуки (редакциски усогласени со Секретаријатот за законодавство) за давање согласности на новите тарифници донесени од Управниот одбор.

Точка 6

Владата по Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Прилеп и за

висината на закупнината, Предлог – анекс Договор бр.2 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Македонија – Влада на Република Македонија како основач на ТИРЗ Прилеп, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство, трговија и услуги Гентерм Македонија ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, заведен кај Закуподавачот под бр. 03-431/1 од 25.2.2015 година и Анекс Договорот бр.1, заведен кај Закуподавачот под бр. 09-431/3 од 25.12.2015 година, со Предлог – одлука за давање на согласност, ги донесе:

- Одлуката за изменување на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Прилеп и за висината на закупнината (нов текст), во предложениот текст.

- Одлуката за давање на согласност на Анекс Договорот бр.2 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Македонија – Влада на Република Македонија како основач на ТИРЗ Прилеп, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство, трговија и услуги Гентерм Македонија ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, заведен кај Закуподавачот под бр. 03-431/1 од 25.2.2015 година и Анекс Договорот бр.1, заведен кај Закуподавачот под бр.09-431/3 од 25.12.2015 година, во предложениот текст.

## Точка 7

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државното правобранителство на Република Северна Македонија (за подрачје Тетово ДП Бр.03-715/19), во предложениот текст.

## Точка 8

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП Бр.03-659/19 Куманово), во предложениот текст.

## Точка 9

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр.87/19 КО Маџари), во предложениот текст.

## Точка 10

Владата ги донесе:

- Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КП бр.1273/1, НУЦК „Антон Панов“ - Струмица), во предложениот текст и

- Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КП бр.1273/3, НУЦК „Антон Панов“ - Струмица), во предложениот текст.

## Точка 11

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за продажба на движна ствар (патничко моторно возило), во предложениот текст.

## Точка 12

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Здружението Извиднички одред Ластовица Кочани, во предложениот текст.

## Точка 13

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за напредокот на дигитализацијата на Системот за управување со кризи преку имплементацијата на NICS – Next-Generation Incident Command System - NATO SPS Project (следна генерација на Систем за управување со инциденти) во Република Северна Македонија, за периодот од 25 јуни 2019 година до 16 декември 2019 година и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Управата за хидрометеоролошки работи да ги сподели, без надоместок, следните ГИС сервиси и податоци: краткорочни и долгорочни временски прогнози, радарски слики и податоци од автоматски мерни станици, најдоцна до 31 март 2020 година.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, да ги сподели, без надоместок, следните ГИС сервиси и податоци: ортофото карти – инфраред и RGB (Red, Green, Blue); земјишна покривка согласно критериумите на СИЗП (Систем за идентификација на земјишни парцели) за целата територија, DTM (Digi-tal Terrain Model), најдоцна до 31 март 2020 година.

3. Се задолжува Државниот завод за статистика да ги сподели без надоместок следните ГИС сервиси и податоци: процени на население по возрасни групи и по пол, по општини; сервиси, најдоцна до 31 март 2020 година.

4. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ги сподели без надоместок, следните ГИС сервиси и податоци: веб сервис за заштитени подрачја; национални паркови; мониторинг станици (вода, воздух, почва); катастар на загадувачи, најдоцна до 31 март 2020 година.

5. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, да ги сподели, без надоместок, следните ГИС сервиси и податоци: податоци од централен регистар на население преку национална платформата за интероперабилност (МИМ), најдоцна до 31 март 2020 година.

6. Се укажува на Агенцијата за планирање на просторот, да ги сподели без надоместок, следните ГИС сервиси и податоци: ГИС (Географски информациски системи) сервиси преку POR-TAL.APP.GOV.MK, најдоцна до 31 март 2020 година.

7. Се укажува на Агенцијата за катастар на недвижности, да ги сподели без надоместок, следните ГИС сервиси и податоци: во рамките на Националната инфраструктура на просторни податоци (НИПП) податоци за хидрографија, WMS (Web Map Service)/download (извор – топографски карти 1:25.000), хидрографија Inspire – WMS (Web Map Service)/download, географски називи по национални стандарди и Inspire – WMS (Web Map Service)/download, административни единици Inspire WMS (Web Map Service)/download, дигитален висински модел – растер, вектор и изохипси – WMS (Web Map Service)/download (ги има изохипсите и по Inspire), почвена карта WMS (Web Map Service); а во рамките на One Stop Shop порталот (OSSP) да ги сподели податоците со границите на единиците на локална самоуправа (ЕЛС), граници на населени места, топографска карта (растер), категоризација на земјиште, патишта, мали објекти, железничка мрежа, геодетски точки, најдоцна до 31 март 2020 година.

8. Се препорачува на Град Скопје, да ги сподели, без надоместок следните ГИС сервиси и податоци: –бунари, чешми; адресен регистар; водоводна мрежа (примарна и секундарна); канализациона мрежа; хидрантска мрежа; зелен катастар; противпожарни станици, најдоцна до 31 март 2020 година.

9. Се задолжува Центарот за управување со кризи преку проектот NATO SPS NICS G4968 за Република Северна Македонија да ги интегрира споделените податоци во NICS платформата со што ќе ги стави на располагање на сите субјекти на Системот за управување со кризи и за истото да ја информира Владата, на секои шест месеци.

## Точка 14

Владата на барање на директорот на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија ја симна од Дневен ред Информацијата за формирање на Инспекторатот за употреба на јазиците и потребите за негово функционирање, со Предлог-одлука за дополнување на Одлуката за основање на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, со оглед на тоа дека прашањето ќе биде надминато на друг начин.

## Точка 15

Владата по новиот текст на Годишниот извештај за работата на Фондот за иновации и технолошки развој за 2018 година, со Предлог-одлука, го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишниот извештај за работата на Фондот за иновации и технолошки развој за 2018 година, во предложениот текст.

## Точка 16

Владата го одложи разгледувањето на Статутот на Фондот на Холокаустот на Евреите од Македонија, со Предлог-одлука за давање согласност, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој и притоа заклучи:

1. Се задолжува Министерството за финансии да подготви соодветна предлог – одлука за изменување на одлуката за основање на Фондот на холокаустот на Евреите, во насока на усогласување со уставните амандмани.

2. Во Статутот на Фондот на Холокаустот на Евреите да остане постојното решение, односно работата на членовите на Управниот одбор престанува на денот на истекот на мандатот, без да се продолжува извршувањето на функцијата до избор на нов член, додека профилот на членовите во Управниот одбор и условите за нивно именување да не бидат предмет на уредување во Статутот.

## Точка 17

Владата по Барањето за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати, со Предлог-одлука ја донесе Одлуката за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Државниот студентски дом „Скопје“ - Скопје, со заклучок текстот на Одлуката Државниот студентски дом „Скопје“ - Скопје номотехнички да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Истовремено, Владата заклучи трошоците за акциза и ДДВ за отстапените нафтени деривати да бидат на товар на Државниот студентски дом „Скопје“ - Скопје.

## Точка 18

Владата ја донесе Одлуката за прогласување на традиционалното знаење и вештини на изработка и свирење на гајда за културно наследство од особено значење, поткатегорија исклучително значење, во предложениот текст.

## Точка 19

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за капитални субвенции за развој на плански региони во областа на земјоделството и руралниот развој за 2020 година, во предложениот текст.

## Точка 20

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година, во предложениот текст.

## Точка 21

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата за покачување на платата на овластени службени лица во Шумската полиција за наредната седница на Владата.

## Точка 22

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за поставување на 10(20)кв вод за приклучување на МХЕЦ Тополка 316 и МХЕЦ Тополка 315 КО Дреново, Општина Чашка, со Предлог-одлука, го усвои и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за поставување на 10(20)кв вод за приклучување

на МХЕЦ Тополка 316 и МХЕЦ Тополка 315 КО Дреново, Општина Чашка, во предложениот текст.

Точка 23

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Чифлик за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура КО Чифлик, Општина Пехчево, со Предлог-одлука, го усвои и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Чифлик за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура КО Чифлик, Општина Пехчево, во предложениот текст.

Точка 24

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена В3-култура КО Чашка, Општина Чашка, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена В3-култура КО Чашка, Општина Чашка, во предложениот текст.

Точка 25

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за реконструкција на постојана четворокрака крстосница во кружна крстосница помеѓу регионален пат Р1201 (Струга-Дебар) и регионален пат Р2243 (спој со регионален пат Р1201-с.Дрслајца) КО Струга, Општина Струга, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за реконструкција на постојана четворокрака крстосница во кружна крстосница помеѓу регионален пат Р1201 (Струга –Дебар) и регионален пат Р2243 (спој со регионален пат Р1201-с.Дрслајца) КО Струга, Општина Струга, во предложениот текст.

Точка 26

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена Е2-комунална супраструктура-производство на енергија со сончеви панели КО Велмеј, Општина Дебрца, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена Е2-

комунална супраструктура-производство на енергија со сончеви панели КО Велмеј, Општина Дебрца, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена Е2-комунална супраструктура-производство на енергија со сончеви панели КО Велмеј, Општина Дебрца, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена Е2-комунална супраструктура-производство на енергија со сончеви панели КО Велмеј, Општина Дебрца, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија (мало стопанство) КО Пепелиште, Општина Неготино, со Предлог – одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија (мало стопанство) КО Пепелиште, Општина Неготино, во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура-биогасна централа за производство на електрична енергија до 1 MW КО Добромири, Општина Новаци, со Предлог-одлука (40-454), ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура-биогасна централа за производство на електрична енергија до 1 MW КО Добромири, Општина Новаци, во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е2 – комунална супраструктура – биогасна централа за производство на електрична енергија до 1 MW КО Добромири, Општина Новаци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е2 - комунална супраструктура - биогасна централа за производство на електрична енергија до 1 MW КО Добромири, Општина Новаци, во предложениот текст.

Точка 31

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Б1 - мали комерцијални и деловни објекти КО Мала Речица, Општина Тетово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Б1 - мали комерцијални и деловни објекти КО Мала Речица, Општина Тетово, во предложениот текст.

Точка 32

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба и инсталација на електронски систем за наплатни станици коридор 10 - НС Отовица КО Отовица - вон г.р., Општина Велес, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба и инсталација на електронски систем за наплатни станици коридор 10-НС Отовица КО Отовица - вон г.р., Општина Велес, во предложениот текст.

Точка 33

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Б5-хотелски комплекс КО Сенокос, Општина Врапчиште, со Предлог-одлука ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Б5-хотелски комплекс КО Сенокос, Општина Врапчиште , во предложениот текст.

Точка 34

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец ДЕСТ - Дејанчо Атанасов с.Мустафино Свети Николе, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

Точка 35

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец Агро Ина – Аце Димитриевски с.Мустафино Свети Николе, со Предлог-одлука, ја

усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 36**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Алмир Трубљанин од с.Долно Коњари Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини на локалитетите „Ѓорова Лака" Општина Неготино, „Кутлишта" Општина Кичево и „Брусија" Општина Делчево, согласно Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.181/19), со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Решението за формирање на комисија за спроведување на постапката за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини, во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина металични минерални суровини на локалитетот „Црвено Брдо" Општина Кочани, Општина Македонска Каменица и Општина Крива Паланка, со предлог – одлуки, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на Иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања, во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата за промена на динамика на плаќање при реализација на проектот: Изградба на примарна фекална канализација за населено место Арачиново, Општина Арачиново и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2020 и 2021 година на Министерството за транспорт и врски, за Изградба на примарна фекална канализација за населено место Арачиново, Општина Арачиново, во вкупна вредност од 105.000.000,00 денари со ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:
- 2020 година – средства во износ од 60.000.000,00 денари со вклучен ДДВ и
- 2021 година – средства во износ од 40.000.000,00 денари со вклучен ДДВ.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за

финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветни фискални години.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата за отпочнување со реализација на проектот „Изградба на канализационен систем за фекална отпадна вода во село Банско, Општина Струмица“ и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2020, 2021 и 2022 година на Министерството за транспорт и врски, за изградба на канализационен систем за фекална отпадна вода во село Банско, Општина Струмица, во вкупна вредност од 53 милиони денари со ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 10.000.000,00 денари во 2020 година,
- 20.000.000,00 денари во 2021 година и
- 23.000.000,00 денари во 2022 година.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетските циркулари за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата за промена на динамика на плаќање при реализација на проектот „Доизградба на канализациона мрежа во населено место Волково, Стопански Двор и Кисела Јабука, Општина Ѓорче Петров“ и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се дава согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2020 и 2021 година на Министерството за транспорт и врски, за реализација на проектот „Доизградба на канализациона мрежа во населено место Волково, Стопански Двор и Кисела Јабука, Општина Ѓорче Петров“, во вкупна вредност од 29.400.000,00 денари со ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 2020 година – средства во износ од 10.000.000,00 денари со вклучен ДДВ и

- 2021 година – средства во износ од 19.400.000,00 денари со вклучен ДДВ.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветни фискални години.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата за промена на динамика на плаќање при реализација на проектот: Изградба на дел од фекална канализација за Индустриска зона Визбегово, Општина Бутел и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2020 и 2021 година на Министерството за транспорт и врски, за Изградба на дел од фекална канализација за Индустриска зона Визбегово, Општина Бутел, во вкупна вредност од 137.360.000,00 денари со ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 2020 година – средства во износ од 59.700.000,00 денари со вклучен ДДВ и
- 2021 година – средства во износ од 77.660.000,00 денари со вклучен ДДВ.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветни фискални години.

## Точка 43

Владата ја разгледа Информацијата за отпочнување со реализација на проектот: Доградба на фекален канализационен систем за Ново Село, Општина Ново Село и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2020, 2021 и 2022 година на Министерството за транспорт и врски, за Доградба на фекален канализационен систем за Ново Село, Општина Ново Село, во вкупна вредност од 55 милиони денари со ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 2020 година – средства во износ од 10 милиони денари со вклучен ДДВ,
- 2021 година – средства во износ од 25 милиони денари со вклучен ДДВ и
- 2022 година – средства во износ од 20 милиони денари со вклучен ДДВ.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветни фискални години.

## Точка 44

Владата ја разгледа Информацијата во врска со постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река, со Предлог-одлука за изменување на Одлуката за започнување на постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река, Предлог - текст на претквалификациска документација и Јавен повик и ја усвои со следните заклучоци:

1. Условно ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река поради потребата предлагачот да достави образложен предлог за носење на истата, како и да се обезбеди претходна согласност од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и позитивни мислења од Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски, Министерството за култура и Министерството за одбрана.

2. Текстот на Одлуката редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

3. На наредната седница на Владата (по влегувањето во сила на Одлуката), да се разгледа Предлог - текстот на Претквалификацискиот документ за првата фаза од постапка за доделување на договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на хидроелектрични централи на Црна Река.

**Точка 45**

Владата го разгледа Годишниот извештај за спроведување на Просторниот план на Република Македонија во 2018 година го прифати и заклучи да се достави до Собранието на Република Северна Македонија, согласно член 7 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија", бр.39/04).

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереник Неби Реџепи, раководител на сектор во Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 46**

Владата го разгледа и усвои Извештајот за работењето и користењето на средствата од Програмите за изработка на просторни и урбанистички планови во 2019 година за периодот јануари - јуни, на Агенцијата за планирање на просторот.

**Точка 47**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина – доломит на локалитетот „Чајле", Општина Гостивар од Силика-рудник Чајле Акционерско друштво за производство на неметални минерали с. Чајле - Гостивар на Друштвото за трговија, транспорт и услуги Ел транс експорт-импорт ДООЕЛ Гостивар, во предложениот текст.

**Точка 48**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина - мермер на локалитетот „Шарен Камен“ с. Преглово, Општина Пласница од Трговско друштвото за производство, услуги и трговија Бор – Мермери - 95 увоз-извоз ДОО с. Преглово Пласница на Друштвото за производство, трговија и услуги „Марбле Артик“ ДОО с. Преглово, Општина Пласница, во предложениот текст.

**Точка 49**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање согласност за распределба на земјоделското земјиште во државна сопственост внесено во консолидационата маса согласно со Предлогот за распределба на земјиштето во консолидационата маса во Катастарската Општина Егри, Општина Битола, со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 50**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за распределба на средства обезбедени во потпрограма 30-Урбанизам и градежништво, ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 51**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за распределба на средства обезбедени во потпрограма 20 - Сообраќај и комуникации, ставка 488 - Капитални дотации во ЕЛС во буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 52**

Владата условно ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Штип, со заклучок предлагачот да обезбеди позитивно мислење од Агенцијата за катастар на недвижности и текстот на Одлуката да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 53**

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за промет и услуги „БЕТ ТУ МАР“ ДООЕЛ Скопје во уплатно-исплатното место кое се наоѓа на ул. „Јане Сандански“ бр.64/2-1, Тетово, во предложениот текст.

**Точка 54**

Владата на предлог на м-р Крешник Бектеши, министер за економија го одложи разгледувањето на Предлог - лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за трговија, обложување и приредување на игри на среќа „Гаминг Професионал“ ДООЕЛ Тетово за деловната просторија на ул. „Борис Кидрич“ бр.4 во Тетово.

**Точка 55**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог – законот за меѓународна соработка во кривичната материја, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Рената Дескоска, министер за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереници м-р Фатон Сељами, државен секретар во Министерството за правда и Петар Мирковиќ, државен советник во Министерството за правда.

## Точка 56

Владата го разгледа Предлог-законот за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Црна Гора за заедничко признавање на доверливи услуги кои се користат во Република Северна Македонија и Црна Гора, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, а за повереници Наташа Дескоска, директор во Министерството за надворешни работи и Ана Малцева, раководител на сектор во Министерството за информатичко општество и администрација.

## Точка 57

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Сојузна Република Германија за соработка во борбата против криминалот, го утврди и заклучи да го достави до Собранието, согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници Наташа Дескоска, помошник-директор во Министерството за надворешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

## Точка 58

Владата го разгледа Извештајот за завршени преговори за склучување Спогодба за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, со текст на Спогодба и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Спогодбата за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска.

2. Се определува министерот за надворешни работи, м-р Никола Димитров, во име на Владата на Република Северна Македонија, да ја потпише Спогодбата за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска.

## Точка 59

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2019/1788 на Советот од 24 октомври 2019 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2015/1763 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Бурунди, во предложениот текст.

## Точка 60

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2019/1663 на Советот од 1 октомври 2019 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија, во предложениот текст.

## Точка 61

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2019/1790 на Советот од 24 октомври 2019 година за изменување на Одлуката 2010/638/ЗНБП за рестриктивни мерки против Република Гвинеја, во предложениот текст.

## Точка 62

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (за објектот на ОЈО Струмица), во предложениот текст.

## Точка 63

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (за зградата на Основен суд Гостивар), во предложениот текст.

## Точка 64

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата со Национална стратегија за хемофилија и други вродени нарушувања на системот за коагулација 2020-2030 и Акциски план, за период 2020-2022 година, за наредната седница на Владата.

## Точка 65

Владата ја разгледа Информацијата за приклучување (зачленување) на Република Северна Македонија во Конзорциумот на европски архиви на истражувачки податоци од општествените науки (CESSDA ERIC) и приклучување кон Европското општествено истражување (European social survey - ESS ERIC) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за образование и наука да обезбеди буџетски средства во рамки на буџетот на Министерството за образование и наука за 2020 година за членарина во Конзорциумот на европски архиви на истражувачки податоци од општествените науки (CESSDA ERIC) и Европското општествено истражување (European social survey - ESS ERIC).

2. Се задолжува Министерството за образование и наука да склучи договор со Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со цел спроведување на истражувањата во Република Северна Македонија во рамки на Конзорциумот на европски архиви на истражувачки податоци од општествените науки (CESSDA ERIC) и Европското општествено истражување (European social survey - ESS ERIC) .

## Точка 66

Владата го донесе новиот текст на Решението за назначување на претседател, заменик-претседател и членови на Оперативното постојано тело за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот, во предложениот текст.

## Точка 67

Владата го донесе новиот текст на Решението за именување на членови на Советот за безбедност и здравје при работа, во предложениот текст.

## Точка 68

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје (патничко моторно возило), во предложениот текст.

## Точка 69

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната установа Завод за рехабилитација на деца и младинци – Скопје (патничко моторно возило), во предложениот текст.

## Точка 70

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната установа Специјален завод – Демир Капија (патничко моторно возило), во предложениот текст.

## Точка 71

Владата ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Илинден (за потребите на СОСУ „Илинден“);

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Илинден (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“);

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Илинден (за потребите на ООУ „Браќа Миладиновци“ – с.Миладиновци);

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Илинден (за потребите на ЈОУДДГ „Гоце Делчев“);

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола (за потребите на Висока медицинска школа - Битола);

6. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола (за потребите на ОУ „Коле Канински“ -Битола);

7. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола (за потребите на СОУ Гимназија „Јосип Броз - Тито“);

8. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола (за потребите на СОЕУ „Јане Сандански“);

9. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола (за потребите на ОУ „Тодор Ангелевски“);

10. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица (за потребите на СОУ „Никола Карев“ Струмица);

11. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола (за потребите на ОУ „Гоце Делчев“);

12. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола (за потребите на ООУ „Ѓорѓи Сугарев“);

13. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола (за потребите на ОУ „Елпида Караманди“);

14. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола (за потребите на ОУ „Даме Груев“ - Битола);

15. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола (за потребите на Факултетот за информатички и комуникациски технологии - Битола);

16. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Аеродром (за потребите на ООУ „Љубен Лапе“ Аеродром);

17. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Аеродром (за потребите на ООУ „Лазо Ангеловски“ – Општина Аеродром);

18. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Аеродром (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“ Општина Аеродром);

19. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Аеродром (за потребите на ООУ „Ѓорѓија Пулевски“ Општина Аеродром);

20. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Аеродром (за потребите на ООУ „Димитар Македонски“ Општина Аеродром);

21. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Аеродром (за потребите на ООУ „Браќа Миладиновци“ – Општина Аеродром - Скопје);

22. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Аеродром (за потребите на ООУ „Александар Македонски“ - Скопје);

23. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица (за потребите на ООУ „Сандо Масев“ п.о. Струмица);

24. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица (за потребите на ООУ „Маршал Тито“ Струмица);

25. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица (за потребите на СОУ „Јане Сандански“);

26. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица (за потребите на ООУ „Видое Подгорец“);

27. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп;

28. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Охрид;

29. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Могила (за потребите на ОУ „Кочо Рацин“ с.Ивањевци);

30. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Могила (за потребите на ОУ „Гоце Делчев“);

31. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на СОУ „Перо Наков“);

32. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на ОСТУ „Наце Буѓони“);

33. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на СОУ Гимназија „Гоце Делчев“);

34. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на ЈОУДДГ „Ангел Шајче“);

35. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар;

36. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба;

37. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Боговиње и

38.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Берово, во предложените текстови.

## Точка 72

Владата го разгледа Предлог-законот за дополнување на Законот за заштита на културното наследство, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Со поднесениот Предлог-закон се предлага измена на членот 178 став (1) точка 6 од Законот за заштита на културното наследство, која одредба е од преодните и завршни одредби на Законот, со која се уредува реорганизација на заводите за заштита на спомениците на културата, односно се утврдува дека истите продолжуваат да работат како конзерваторски центри. Оваа одредба од влегувањето на сила на Законот до денес не е спроведена, односно не е извршена реорганизација на заводите.

Владата на Република Северна Македонија, согласно мислењата од Управата за заштита на културното наследство и Националниот конзерваторски центар (како надлежна установа која ги врши работите како надлежен конзерваторски центар ако за подрачјето на кое се наоѓа недвижното добро не е основан конзераторски центар) укажува дека во услови кога тргнувајќи од актуелната состојба и искуствата од примената на Законот за заштита на културното наследство се најавува потреба од нова правна рамка за заштита на културното наследство, односно потребата од потемелни реформски зафати во наведената област, во овој момент нецелисходно е да се врши измена на Законот за заштита на културното наследство.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија дава негативно мислење по доставениот Предлог – закон, со предлог Собранието на Република Северна Македонија да не го донесе Предлог-законот за дополнување на Законот за заштита на културното наследство, по скратена постапка, поднесен од група пратеници.

## Точка 73

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-законот за дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, поднесен од група пратеници, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, поради потребата Министерството за труд и социјална политика да достави мислење.

## Точка 74

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, поднесен од пратеникот Александар Кирацовски и притоа го утврди следново мислење:

Во рамки на Министерството за правда започна со работа работна група задолжена за подготовка на нов Кривичен законик. Работната група е составена од професори по казнено право, судии и јавни обвинители, претставници од Министерството за правда и други надлежни органи кои постапуваат по одредбите од овој закон. Целта на работната група е подготовка на нов законик, односно ревидирање на постојниот, негово усогласување со меѓународните стандарди и документи во оваа област, усогласување и хармонизирање на кривичните санкции за кривичните дела и кодификација на сите кривични дела пропишани во други закони во Кривичниот законик. Со оглед на тоа што станува збор за обемен и сложен закон, чие изготвување ќе бара подолг временски период, предвидено е процесот да заврши до крајот на годината.

Имајќи го во предвид ова, Владата на Република Северна Македонија смета дека ова треба да биде предмет на разгледување во рамки на работната група, како и сите други предлози кои пристигаат до Министерство за правда, а се однесуваат за измена на Кривичниот законик.

Потребно е да се напушти досегашната пракса на чести и парцијални измени на законикот, кои предизвикуваат проблеми и потешкотии во неговата примена во пракса.

Воедно, се смета дека не е добро таксативно да се набројуваат и издвојуваат одредени кривични дела за кои рокот за застареност би се зголемил, ова од причина што од една страна постојат и потешки кривични дела, а од друга страна дава основа за идни злоупотреби и преквалификации на кривичните дела со цел избегнување на овој рок.

Имајќи го во предвид претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека ова прашање треба подетално да се размисли и анализира во рамки на работната група во Министерството за правда и да се предвиди соодветно решение.

**<u>Точка 75</u>**

Владата го разгледа Статутот на приватната високообразовна установа МИТ Универзитет - Скопје, и притоа го утврди следново мислење:

Во текстот на Статутот на приватната високообразовна установа „МИТ" Универзитет во Скопје, вградени се поголем број од забелешките дадени во Мислењето со бр.45-846/1 од 25 февруари 2019 година, меѓутоа и понатаму остануваат не вградени забелешките кои се однесуваат на член 216, односно член 215 од новиот текст на Статутот како и забелешката по член 220 односно член 219 од новиот текст на Статутот, кои треба во целост да бидат усогласени со членовите 134, односно член 133 став 3 и член 137 став 9 од Законот за високото образование.

Со оглед на горенаведеното Владата на Република Северна Македонија не дава позитивно мислење на наведениот Статут, се до целосно отстранување на наведените забелешки.

**<u>Точка 76</u>**

Владата го разгледа Статутот на „Интернационалниот универзитет Еуропа Прима - Скопје" и Одлуката за усвојување на Проектот за промена на името и статутот на Универзитетот за аудиовизуелни уметности Европска Филмска Театарска и Танцова Академија, ЕФТА Скопје и утврди позитивно мислење по истиот.

**Точка 77**

Владата ја разгледа Иницијативата за изменување и дополнување на член 34 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.25/00, 34/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07, 36/07, 82/08, 98/08, 6/09, 67/09, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16 и 171/17), доставена од Народниот правобранител на Република Северна Македонија и согласно член 34 од Законот за Народниот правобранител („Службен весник на Република Македонија" бр.60/2003, 114/2009, 181/2016, 189/2016 и 35/2018), заклучи да го извести Народниот правобранител на Република Северна Македонија дека примателите на социјална парична помош, како и членовите на нивните домаќинства се ослободени од плаќање на партиципација од областа на специјалистичко - консултативната и болничката здравствена заштита преку годишна Програма, која секоја календарска година ја носи Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Министерството за здравство.

**Точка 78**

Владата го одложи разгледувањето на Иницијативата поднесена од д-р Башким Идризи од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.148/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 31 став 3 од Законот за просветната инспекција („Службен весник на Република Македонија" бр.52/05, 81/08, 148/09, 57/10, 51/11, 24/13, 137/13, 164/13, 41/14, 33/15, 145/2015 и 30/16), за наредната седница откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисија за човечки ресурси и одржлив развој, поради потребата Министерството за образование и наука да достави мислење по истата.

**Точка 79**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од адвокат Игор Спировски, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.165/2019, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 13 во делот: „на маж и жена" и член 100-а став 5 алинеја 7 од Законот за семејството („Службен весник на Република Македонија" бр.80/92, 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15 и 150/15) и притоа го утврди следново мислење:

Со Иницијативата се поведува постапка за оценување на уставноста на член 13, во делот на „на маж и жена„ и член 100-а став 5 алинеја 7 од Законот за семејството, со кој како што е наведено во предметната иницијатива се повредуваат одредбите од член 8 став 1 алинеја 1, член 9, член 25 и член 40 од Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно член 8 став 1 алинеја 1 од Уставот на Република Северна Македонија основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени во Уставот се темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија.

Согласно член 9 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.

Согласно член 25 од Уставот на Република Северна Македонија, на секој граѓанин му се гарантира почитување и заштита на приватноста на неговиот личен и семеен живот, на достоинството и угледот.

Согласно член 40 став 1 од Уставот, Републиката му обезбедува посебна грижа и заштита на семејството, а според став 2 од истиот член, правните односи во бракот, семејството и вонбрачната заедница се уредуваат со закон.

Согласно член 13 од Законот за семејството, заедница на живот на маж и жена која не е заснована во согласност со одредбите на овој закон (вонбрачна заедница) и која траела најмалку една година, е изедначена со брачната заедница во поглед на правото на меѓусебно издржување и имотот стекнат за време на траењето на таа заедница.

Согласно член 100-а посвоител може да биде лице кое е деловно способно, кое има лични својства за успешно вршење на родителските права и да не е постаро од 45 години. Посвоител може да биде лице најмалку 18 години постаро од посвоеникот. По исклучок од ставот 1 на овој член како посвоител може да се јави и лице кое е постаро од 45 години, но старосната граница меѓу посвоителот и посвоеникот не смее да биде поголема од 45 години.

Брачни другари можат да се јават како посвоители ако еден од нив не ја надминува горната старосна граница.

Изборот на посвоителот ќе зависи од следниве критериуми:
- здравствена состојба,
- психосоцијален статус,
- материјални услови,
- станбени услови,
- време на чекање,
- степен на образование,
- брачен статус и
- државјанство.

Во предметната иницијатива е наведено дека со оспорениот член 13 од Законот за семејството, вонбрачната заедница се дефинира исклучиво како заедница на маж и жена и ги резервира правата на меѓусебно издржување и на заеднички имот стекнат за време на траењето на таа заедница, исто како лицата што се во брак. На ваков начин се пропишува различен третман по основ на сексуална ориентација во однос на остварувањето на меѓусебните имотни права на паровите што живеат во заедница што не е брак и дека тоа не е во согласност со уставните одредби и одредбите на Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи.

Во членот 13 од Законот за семејството е дефинирана вонбрачната заедница. За разлика од бракот кој се склучува меѓу две лица од различен пол со слободно изразена волја пред

надлежен орган, вонбрачната заедница настанува неформално изразена волја на маж и жена кои фактички се соживеале. Имотот стекнат во вонбрачната заедница им припаѓа на вонбрачните партнери, доколку од нивното однесување произлегува дека постои волја така стекнатиот имот да биде заеднички. Оттука, законодавецот имајќи го во предвид фактот дека покрај правните односите кои настануваат во брачната заедница, настануваат и правни односи меѓу лицата во вонбрачна заедница, законодавецот го регулирал издржувањето и располагањето со имотот стекнат во вонбрачната заедница.

Во предметната иницијатива е наведено дека оспорената одредба од член 100-а став 5 алинеја 7 го поставува брачниот статус како еден од критериумите за донесување одлука за поединечно посвојување, во конкуренција на повеќе баратели, со што суштински ги става хомосексуалните лица што живеат во заедница со истополов/а партнер/ка, во понеповолна положба поради нивната сексуална ориентација.

Во Законот е определено кое лице може да биде посвоител, како и се определени условите и критериумите за посвојување. Како критериуми за избор на посвоител се утврдени: здравствената состојба, психосоцијалниот статус, материјалните услови, станбените услови, времето на чекање, степенот на образование, брачниот статус и државјанството. Сите услови и критериуми се земаат кумулативно и за секој критериум е определен максимум број на поени. Определувањето на висината на бројот на поените е во зависност од степенот на важноста на критериумот во однос на подобноста на лицата кои сакаат да посвојат дете, да ја обавуваат родителската функција. Најголем број на бодови има психосоцијалниот статус на посвоителите, а брачниот статус носи помал број на поени. При определувањето на критериумите за посвојување на дете, законодавецот се водел од најдобриот интерес на детето, со цел со посвојувањето да се воспостави однос родител-дете кое е најблизок до односите кои постојат во биолошкото семејство.

Врз основа на претходно наведените правни аргументи, се смета дека со ваквата законска определба не се нарушуваат темелните вредности на владеење на правото и еднаквоста на граѓаните утврдени во Уставот на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид претходно наведеното, се смета дека член 13 и член 100-а став 5 алинеја 7 од Законот за семејството („Службен весник на Република Македонија" бр.80/1992, 9/1996, 38/2004, 33/2006, 84/2008, 67/2010, 156/2010, 39/2012, 44/2012, 38/2014, 115/2014, 104/2015 и 150/2015) се во согласност со член 8 став 1 алинеја 1, член 9, член 25 и член 40 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 13 и член 100-а став 5 алинеја 7 од Законот за семејството.

## Точка 80

Владата ја разгледа Понудата од нотар Владимир Голубовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 22047 за КО Сингелиќ 2 и Имотен лист бр. 28515 за КО Сингелиќ 2 на КП бр. 1963 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 81

Владата ја разгледа Понудата за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.10009 за КО Маџари на КП бр.87 дел 1 викано место/улица Б. Стефковски, доставена од нотар Андријана Ѓорѓеска од Скопје и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 82**

1. Владата донесе Одлука за дополнување на Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Македонија (-„секретар на Канцеларијата на Советот за координација на безбедносно – разузнавачката заедница).

1.1. Владата на Златко Апостоловски, секретар на Канцеларијата на Советот за координација на безбедносно – разузнавачката заедница му утврди коефициент за пресметување на плата.

2. Владата го разреши Златко Апостоловски од должноста заменик национален координатор за борба против тероризам, поради именување на друга должност.

3. Владата го именува Горјан Тозија досегашен директор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија за вршител на должност директор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

4. Владата го разреши д-р Илбер Бесими од должноста член на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

4.1. Владата го именува д-р Менде Диневски за член на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

5. Владата врз основа на член 14-г став 9 од Законот за спорт, на органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот за формирање на Централна комисија за евалуација на предлог-листата, за период од четири години за член го предлага Сабри Алими, на местото од досегашниот член Огнен Стојановски.

6. Владата на Кирил Петров му утврди престанок на правото за остварување плата по престанувањето на функцијата директор на Државниот архив на Република Северна Македонија, заклучно со 31.1.2020 година, поради исполнување на условите за стекнување право на старосна пензија.

7. Владата го разреши Марко Јовчевски од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на Државниот студентски дом „Никола Карев“ – Охрид.

7.1. Владата ја именува Изабела Тодороска за член на Управниот одбор-претставник на основачот на Државниот студентски дом „Никола Карев“ – Охрид.

8. Владата ја разреши Јулијана Петановска од должноста член на Советот за образование на возрасните, претставник од Министерството за финансии.

8.1. Владата го именува Тоше Пановски за член на Советот за образование на возрасните, претставник од Министерството за финансии.

9. Владата го разреши Дејан Доневски од должноста член на Училишниот одбор – претставник на основачот на Државното средно училиште за образование и рехабилитација „ Искра“ Штип.

9.1. Владата ја именува Тања Доневска за член на Училишниот одбор – претставник на основачот на Државното средно училиште за образование и рехабилитација „ Искра“ Штип.

10. Владата го разреши Драгиша Николовски од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „Нада Михајлова“– Пробиштип.

10.1. Владата ја именува Луиза Јаневска за член на Управниот одбор- претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „Нада Михајлова“– Пробиштип.

11. Владата од должноста членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈУ Центар за социјална работа Кратово, на нивно барање, ги разреши:

- Билјана Симонова и
- Катерина Трајковска.

11.1. Владата ја именува Марија Ивановска за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈУ центар за социјална работа Кратово.

12. Владата го разреши Лулзим Селами од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гостивар, на негово барање.

12.1. Владата го именува Мерсел Садику за член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гостивар.

13. Владата и утврди престанок на мандатот на Силвана Блажевска член на Училишниот одбор – претставник на основачот на Посебното основно училиште д-р Златан Сремец Скопје.

13.1. Владата ја именува Силвана Блажевска за член на Училишниот одбор – претставник на основачот на Посебното основно училиште д-р Златан Сремец Скопје.

14. Владата го разреши Ацо Стојанов од должноста член на Училишниот одбор-претставник на основачот на Државниот музички училишен центар „Сергеј Михајлов“-Штип.

14.1. Владата ја именува Данче Тошева за член на Училишниот одбор-претставник на основачот на Државниот музички училишен центар „Сергеј Михајлов“-Штип.

15. Владата го именува Менаљ Џавиди за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија – Скопје.

16. Владата го именува Душан Стојановски за член на Училишниот одбор- претставник на основачот на Државното средно училиште за рехабилитација и образование „ Св. Наум Охридски“ Скопје.

Точка 83

**1.** Владата по повод Мислењето на Секретаријатот за законодавство доставено во однос на Информацијата во врска со доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во Република Северна Македонија, усвоена на Петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 јануари 2020 година (бр.44-847/1) Точка 24, заклучи, заклучокот број 2 кој гласи:

„2. Го одобри текстот на Јавниот оглас за спроведување на постапката за доделување на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас.“, да престане да важи.

Заклучоците 3, 4 и 5 стануваат заклучоци 2, 3 и 4.

**2.** Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлог-законот за Агенцијата за разузнавање, доставен до Собранието на Република Северна Македонија со писмо бр.44-667/1 од 21 јануари 2020 година.

**3.** Владата донесе Одлука за престанување на важење на Одлуката за давање согласност на усогласениот текст на предлог на Правилникот со тарифа за користење авторски музички дела („Службен весник на Република Македонија“ бр.152/17), на Здружението за заштита на авторски музички права „ЗАМП“ – Скопје бр.285-1-03 од 9.6.2016 година, донесена од Владата на Република Македонија, под бр.44-6130/1 од 3 октомври 2017 година, точка 8 од 30-та седница на Владата, одржана на 3.10.2017 година.

**4.** Владата по Барањето од Министерството за здравство за престанување на важење на Заклучок по Информацијата за текот и прогресот на постапката за набавка на лабораториски тестови за потребите на јавните здравствени установи во Република Северна Македонија, усвоена на Сто четириесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 јули 2019 година (бр.45-4290/1) Точка 48, заклучи, заклучокот кој гласи:

„- Се задолжува Министерството за здравство за текот и прогресот на активностите во врска со ова прашање да ја информира Владата на 12 месеци, се до конечна реализација на набавката.“, да престане да важи.

**5.** Владата во врска со Извештајот на Комисијата за економски систем и тековна економска политика по повод Известувањето од Општина Кичево доставено во врска со нереализирани заклучоци од 82-та седница на Владата, точка 123 (бр.44-7427/1),по Информацијата за потребата за определување на место за времено депонирање на комунален отпад во Општина Кичево, заклучи повторно да ги усвои следниве заклучоци:

1) Се задолжува АД ЕСМ да обезбеди место за времено складирање на комунален отпад на просторот на копот на РЕК Осломеј – Кичево.

2) Се задолжува АД ЕСМ при преземањето на овие активности да не го загрози просторот на кој е планирано изградба на фотонапонска централа со инсталирана моќност од 10 MW во кругот на РЕК Осломеј – Кичево.

**6.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за периодот од 27 јануари 2020 година до 2 февруари 2020 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**7.** Владата го разгледа Барањето финансиски средства на Дирекцијата за заштита и спасување, во врска со Заклучокот од 174-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 декември 2019 година, усвоен по Извештајот за завршена Меѓународна мисија на Републичките сили за заштита и спасување за укажување на помош на Република Албанија, со кој 37 припадници на Републичките сили за заштита и спасување и на единицата за службени кучиња (К-9) на Министерството за внатрешни работи кои активно учествуваа во Меѓународната мисија во Република Албанија после разорниот земјотрес, треба да бидат наградени со по една просечна нето плата од средства на Дирекцијата за заштита и спасување и согласно укажувањето на д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, а имајќи ја предвид моменталната состојба на буџетот на Дирекцијата за заштита и спасување овие парични средства да бидат обезбедени од буџетот на Дирекцијата.

**8.** Согласно укажувањето на д-р Нина Ангеловска, министер за финансии за потребата од обезбедување на соодветен простор за реализација на проект со Европската Унија за отворање на школо за јавни финансии, укажувањето на Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација за лошите услови во кои функционира Академијата за обука на администрацијата и потребата од нов простор, како и укажувањето на Мила Царовска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори за финансирањето на тренинг центар за родово одговорно буџетирање преку Министерството за труд и социјална политика, Владата заклучи да се одржи координативен состанок помеѓу Министерството за финансии, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за труд и социјална политика, Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и АД за стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката, со цел решавање на овие проблеми.

## Точка 84

Владата го разгледа Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година на Државниот завод за статистика (Сметка на основен буџет (637), Сметка на основен буџет (631) и Сметка на буџет за самофинансирачки активности (787), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Државниот завод за статистика да подготви Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените

препораки од Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година на Државниот завод за статистика (Сметка на основен буџет (637), Сметка на основен буџет (631) и Сметка на буџет за самофинансирачки активности (787), во функција на надминување на утврдените состојби.

**Точка 85**

Владата го разгледа Известувањето за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за декември 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 86**

Владата ја разгледа Годишната програма за работа и Финансискиот план на Агенцијата за остварување на правата на заедниците за 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 87**

Владата ги разгледа Програмата за работа на Државниот испитен центар за 2020 година и Финансискиот план за реализација на активностите во Програмата за работа на Државниот испитен центар за 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 88**

Владата ја разгледа Информацијата со Годишен финансиски план за 2020 година на Јавната установа Центар за образование на возрасните – Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 89**

Владата ја разгледа Информацијата за квалитет на воздухот во Република Северна Македонија, за ноември 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 90**

Владата ја разгледа Информацијата за квалитет на воздухот во Република Северна Македонија, за декември 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 91**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за намалување од обврските за населување и прихрана на дивата свиња како превентивна мерка од појава и ширење на болеста Африканска чума кај свињите за ловната 2019 година врз основа на доставените барања до Владата на Република Северна Македонија од страна на концесионерите на дивечот во ловиштата, како материјал за информирање.

**Точка 92**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за програмата и приоритетите на Хрватското претседателство со Советот на Европската Унија, за наредната седница на

Владата, што ќе се одржи на 10 февруари 2020 година (понеделник) во Охрид, поради потребата истата да се разгледа во присуство на Нивес Тигањ, амбасадор на Република Хрватска во Република Северна Македонија.

**<u>Точка 93</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за примена на материјалните закони и Законот за прекршоците, како материјал за информирање.

**<u>Точка 94</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на Програмата за поддршка за печатење и дистрибуција на печатени медиуми за 2019 година, како материјал за информирање.

**<u>Точка 95</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Грански колективен договор на органи на државна управа, стручни служби на Владата на Република Северна Македонија, судови, јавни обвинителства, казнено - поправни и воспитно - поправни установи, државно правобранителство, единици на локалната самоуправа, агенции, фондови и центри за социјални работи и други органи основани од Собранието на Република Северна Македонија, со Грански колективен договор и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати најновиот текст на Гранскиот колективен договор на органи на државна управа, стручни служби на Владата на Република Северна Македонија, судови, јавни обвинителства, казнено - поправни и воспитно - поправни установи, државно правобранителство, единици на локалната самоуправа, агенции, фондови и центри за социјални работи и други органи основани од Собранието на Република Северна Македонија, со заклучок Министерството за информатичко општество и администрација истиот да го усогласи со Министерството за финансии.

2. Се овластува Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација по извршените усогласувања со Министерството за финансии да го потпише усогласениот текст на Гранскиот колективен договор на органи на државна управа, стручни служби на Владата на Република Северна Македонија, судови, јавни обвинителства, казнено - поправни и воспитно - поправни установи, државно правобранителство, единици на локалната самоуправа, агенции, фондови и центри за социјални работи и други органи основани од Собранието на Република Северна Македонија во име на Владата на Република Северна Македонија.

**<u>Точка 96</u>**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на коефициентите и вредноста на коефициентот за пресметување на платите на директорите во националните установи од областа на културата, во предложениот текст.

**<u>Точка 97</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог – законот за изменување и дополнување на Законот за аудиовизуелните добра, по скратена постапка го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Хусни Исмаили, министер за култура и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, а за повереници Валмир Азири, државен секретар во Министерството за култура и Магдалена Диковска, раководител на сектор во Министерството за култура.

**Точка 98**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за издавачката дејност, по скратена постапка (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Хусни Исмаили, министер за култура и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, а за повереници Валмир Азири, државен секретар во Министерството за култура и Магдалена Диковска, раководител на сектор во Министерството за култура.

**Точка 99**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за библиотеките, по скратена постапка, го утврди и заклучи да го достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Хусни Исмаили, министер за култура и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, а за повереници Валмир Азири, државен секретар во Министерството за култура и Магдалена Диковска, раководител на сектор во Министерството за култура.

**Точка 100**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за музеите, по скратена постапка (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Хусни Исмаили, министер за култура и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, а за повереници Валмир Азири, државен секретар во Министерството за култура и Магдалена Диковска, раководител на сектор во Министерството за култура.

**Точка 101**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог – законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство, по скратена постапка, го утврди и заклучи да

се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Хусни Исмаили, министер за култура и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, а за повереници Валмир Азири, државен секретар во Министерството за култура и Магдалена Диковска, раководител на сектор во Министерството за култура.

**Точка 102**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за меморијалните споменици и спомен обележјата, по скратена постапка (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Хусни Исмаили, министер за култура и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, а за повереници Валмир Азири, државен секретар во Министерството за култура и Магдалена Диковска, раководител на сектор во Министерството за култура.

**Точка 103**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од постапување по Барањето на Владата на Република Северна Македонија и по барањата на организациите за колективно управување на правата на произведувачите на фонограми и уметниците музички изведувачи, ја усвои и заклучи:

1. Министерството за култура да не донесе решенија за давање дозвола за колективно управување со правата на произведувачите на фонограми и уметниците музички изведувачи на Организацијата за колективно управување на правата на произведувачите на фонограми и уметниците музички изведувачи „ММИ" Скопје, Здружението за заштита на правата на произведувачите на фонограми и уметниците музички изведувачи МИП – Скопје и Асоцијацијата за колективно управување со сродните права на уметниците - изведувачи и произведувачите на фонограми ШПАТО – Скопје.

2. Се задолжува Министерството за култура да формира работна група за подготовка на измените и дополнувањата на Законот за авторското право и сродните права, во која ќе бидат вклучени сите заинтересирани страни, со цел да се надминат различните ставови и недоразбирањата во однос на одредени одредби од Законот.

**Точка 104**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Универзитетот „Мајка Тереза" Скопје, во предложениот текст.

**Точка 105**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со отворените прашања од делокругот на Поткомитетот за внатрешен пазар конкуренција и Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, во соработка со Министерството за економија да го финализира одговорот на Писмото на Европската комисија со забелешки за Законот за финансиска поддршка на инвестиции од 13 јуни 2019 година и преку Секретаријатот за европски прашања да го достави до Европската комисија на англиски јазик најдоцна до 7 февруари 2020 година.

2. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори и Министерството за економија да номинираат соодветни лица за учество на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција што ќе се одржи на 13 февруари 2020 година во Брисел, кои ќе бидат во можност да одговорат на сите прашања поврзани со Законот за финансиска поддршка на инвестиции, Законот за стратешки инвестиции и Законот за ТИРЗ, најдоцна до 6 февруари 2020 година.

3. Се задолжува Царинската управа по одржувањето на состанокот за ПЕМ Конвенцијата на 5 февруари 2020 година во Брисел да подготви и достави информација до Владата во која ќе бидат објаснети сите аспекти на проблемот и ќе биде побарано Владата да донесе одлука за финалната позиција на Република Северна Македонија, најдоцна до 14 февруари 2020 година.

4. Се задолжува Министерот за транспорт и врски да номинира соодветно лице за учество на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција што ќе се одржи на 13 февруари 2020 година во Брисел, кое ќе биде во можност да одговори на сите прашања поврзани со државната помош во авиосообраќајот.

Истовремено, Владата заклучи на состанокот за ПЕМ Конвенцијата во Брисел да се вклучи и Царинската управа.

<u>Точка 106</u>

Владата ја разгледа Информацијата за консултација на Владата на Република Северна Македонија околу предложените проекти на Министерството за образование и наука и Министерството за внатрешни работи за финансирање преку кинеска помош и потпишување на Договор по пат на размена на писма помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Народна Република Кина за „II-та фаза на проектот е-образование“, со прилози и условно ја усвои, доколку до потпишување Секретаријатот за европски прашања достави позитивно Мислење од Министерството за финансии и Царинската управа, во спротивно Информацијата повторно да се разгледа на седница на Владата, со следните заклучоци:

1. Го усвои Писмото за размена, односно усогласениот текст на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Народна Република Кина за „II-та фаза на проектот е-образование“.

2. Го определи заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања д-р Бујар Османи, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот по пат на писма за размена помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Народна Република Кина за „II-та фаза на проектот е-образование“.

3. Се овластува Секретаријатот за европски прашања дополнително да прати писмо до Амбасадата на Народна Република Кина со цел потенцирање дека предложениот проект од Министерството за внатрешни работи за обезбедување на донација за скенери за двата аеродроми во земјата и за службите за безбедност на Министерството за внатрешни работи, останува приоритет на Владата на Северна Република Македонија.

**Точка 107**

Владата ја разгледа Информацијата за овластување за потпишување на Меморандум за разбирање помеѓу Министерство за информатичко општество и администрација, Министерство за финансии и Мастеркард Јуроп СА (Mastercard Europe SA) за воспоставување услуга за дигитална идентификација во Република Северна Македонија („Услуга за ДИ во Северна Македонија“), со Предлог - текст на Меморандум за разбирање и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го усвои текстот на Меморандумот за разбирање помеѓу Министерство за информатичко општество и администрација, Министерство за финансии и Мастеркард Јуроп СА (Mastercard Europe SA) за воспоставување услуга за дигитална идентификација во Република Северна Македонија („Услуга за ДИ во Северна Македонија“).

2. Се овластуваат Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација и д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, да го потпишат Меморандумот за разбирање помеѓу Министерство за информатичко општество и администрација, Министерство за финансии и Мастеркард Јуроп СА (Mastercard Europe SA) за воспоставување услуга за дигитална идентификација во Република Северна Македонија („Услуга за ДИ во Северна Македонија“).

3. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да формира работна група со членови од Министерството за финансии, Министерство за внатрешни работи, Народна банка на Република Северна Македонија и Управа за финансиско разузнавање за реализација и следење на имплементација на Меморандумот за воспоставување услуга за дигитална идентификација во Република Северна Македонија.

**Точка 108**

Владата ја разгледа Информацијата за усвојување на Финансискиот план на АД „Аеродроми на Република Северна Македонија“, во државна сопственост-Скопје за 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 109**

Владата ја разгледа Информацијата за одбележување на Меѓународен ден на Ромите 8-ми Април и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува НУ „Македонски народен театар“ - Скопје на 8-ми април да отстапи простор без надомест за одржување на настанот.

## Точка 110

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Финансиската спогодба за Годишната акциска програма за Република Северна Македонија за ИПА 2019 година, со текст на Финансиската спогодба и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати текстот на Финансиската спогодба за Годишната акциска програма за Република Северна Македонија за ИПА 2019 година за финансирање на Годишна акциска програма за Република Северна Македонија за 2019 година.

2. Се овластува д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и Национален ИПА координатор, да ја потпише Финансиската спогодба помеѓу Европската комисија и Владата на Република Северна Македонија за финансирање на Годишна акциска програма за Република Северна Македонија за ИПА 2019 година.

3. Се задолжува Бирото за метрологија, да го обезбеди потребниот износ на задолжително национално кофинансирање за спроведување на Резултат 1/ Активност 5 од Акцискиот документ Усогласување со правото на Европската Унија за внатрешен пазар и поддршка за конкурентност и иновации за малите и средните претпријатија во рамките на буџетското планирање за 2021 година.

4. Се задолжува Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство, да го обезбеди потребниот износ на задолжително национално кофинансирање за спроведување на Резултат 1/Активност 1/Активност 2/Активност 3/ Активност 4, од Акцискиот документ Европска Унија поддршка на руралниот развој и конкурентно одржливо земјоделство во рамките на буџетското планирање за 2021 година.

5. Се задолжува Министерството за образование и наука, да го обезбеди потребниот износ на задолжително национално кофинансирање за спроведување на Резултат 1/Активност 2, од Акцискиот документ Европска Унија за инклузивност во рамките на буџетското планирање за 2021 година.

6. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, да го обезбеди потребниот износ на задолжително национално кофинансирање за спроведување на Резултат 3/Активност 3, од Акцискиот документ Европска Унија за инклузивност во рамките на буџетското планирање за 2021 година 2020 година.

7. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука да подготвуваат редовни извештаи за реализација на генералните услови за исплата на траншите, а кои се однесуваат на статусот на напредокот на: јавните политики во секторот образование, вработување и социјална политика, макроекономска стабилност, управување со јавни финансии и транспарентност на буџетот (Табела Б: Генерални услови за исплата на траншите, од Договорот за изведба на секторски реформи “ЕУ за млади”), а согласно временската рамка дадена во посебните

услови за исплата на траншите (табела Ц Посебни услови за исплата на траншите, од Договорот за изведба на секторски реформи "ЕУ за млади".

8. Се задолжуваат Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Центарот за образование на возрасни, Центарот за стручно образование и обука, Бирото за развој на образованието, Државниот инспекторат за образование, да ги реализираат дефинираните таргети за реализација на индикаторите од Договор за изведба на секторски реформи „ЕУ за млади", во рамки на Годишната акциска програма за ИПА 2019 година.

**Точка 111**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со реализацијата на средствата предвидени во буџетот на Министерството за култура за 2020 година, за капитални дотации до единици на локална самоуправа, со Предлог-програма, ја усвои Информацијата и ја донесе Програмата за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа во областа на културата за 2020 година, со заклучок во Програмата да се направи соодветна измена во насока да се прераспределат средства во износ од 500.000 денари кои ќе бидат наменети за Домот на културата во Општина Градско.

**Точка 112**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за проширена репродукција на шумите за 2020 година, со заклучок предлагачот текстот на Програмата да го усогласи со Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии.

**Точка 113**

Владата ја разгледа Информацијата за вклучување на Град Скопје во Проектот за поврзување на локални патишта финансиран со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за Проектот за поврзување на локални патишта, со Предлог – одлука и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Условно ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за алоцирање на средства од Договор за заем за „Проект за поврзување на локални патишта", доколку Министерството за транспорт и врски, се усогласи со Министерството за финансии во однос на спроведливоста на Одлуката, имајќи го предвид Договорот за заем за „Проект за поврзување на локални патишта" со Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да продолжи со активностите за реализација на Проектот за поврзување на локални патишта и навремено да ја информира Владата за текот на спроведувањето на истите.

**Точка 114**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за развој и унапредување на ловството и за одгледување и заштита на дивечот под заштита во репроцентрите за 2020 година, со заклучок предлагачот текстот на Програмата да го усогласи со Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии.

*

*         *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:45 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| д-р Драги Рашковски | Оливер Спасовски |